

Светителот Василиј Велики е христијански теолог кој се бори против паганските верувања во елинските колонии и против раните византиски анти-христијанските толкувања за човекот и светот. Неговите учења се содржани во бројни писма, говори, трактати и книги од теологија, црковно канонско право, монаштво, морални вредности и добродетелства. Мудрецот од 4-ти век, Василиј Велики (329-379) е роден во Кападокија, Турција, прататковина на моќните Хитити, а потоа „колевка на Христијанството“ надвор од еврејските територии во I и II век. И тогаш Римската империја и елински населби-колонии, држеле окупирани територии во Мала Азија и ги прогонувале христијаните. Таа сурова опозиција ја доживеал и моќниот, а благочестив Василиј.

Отпорот на паганите и рано-христијанските еретици, Аријан од Александрија, елинските следбеници на Аполон, Аполион, уништувачот (еврејски абадон, и мноштво други секти) траело и по 313-та година кога римскиот император Константин го прогласил Христијанството за официјална религија. Најраните Православни следбеници на свети Василиј, го продолжиле патот на апостолот Павле - од Македонија до светот. Денес Св. Василиј го слават и римо-католичката, англиканската и протестантските цркви.

Во Кападокија делувала во I век и се криела од анти-христијанскиот грчко-римски прогон и Марија Богородица. Светата мајка на Бог Исус Христос починала во Кападокија. Во родната Кападокија се криел од грчко-римскиот прогон и најсестрано образованиот рано христијански лидер, и подоцна епискот, Василиј. Тој ги имал изучено, но не ги прифатил хипотезите  на Атинската школа и нејзините паганско-хибридни толкувања на духовната и профаната историја на светот. Историчарите во светителот Василиј гледале реторичар и мислител посилен и од анти-македонецот Демостен, и од Палатон.

Не од страв туку од мудрост, Васил се повлекол во аскетизам, да ги преиспитува, споредува и корегира мешано христијанските учења на Атина и нејзината неинклузивна култура, апсолутистичка ксенофобија и продолжена безусловна диктатура на панхеленски идентитет и јазик. Василиј бил сведок како анти-христијанските учења сеуште дифузирале тоталитарно наметнувани од Атина низ територии кои елинските пиратски племиња ги имале колонизирано и ограбувано векови пред тоа, и од кои ја присвојувале нивната грандиозна пред-елинска архитектура, уметност, филозофија, медицина, астрономија, математика: Средоземните крајбрежја, Блискиот Исток, Месопотамија, Израел, Египет.

Василиј посетувал и проучувал бројни центри на образование и специјализација во своите теолошки поготовки за основање на институционално монаштво во рано-христијанската Православна црква – Константинопол, Египет, Ерусалим. Една од најжестоките опозиции светецот Василиј ја доживува од хипокритот и еретик, историчарот и хроничар Евзебиј. Се’ до својата смрт во 370 година, нововерниот епископ Евзебиј го критикувал и дисквалификувал најмудриот теолог на своето време, аскетот Василиј. Прогонуван од Евзебиј и неговите црковни политиколози, Василиј се повлекол на својот фамилијарен имот во родното место Анесија, да гради нови духовни и световни подвизи. По смртта на Евзебиј, Василиј сепак бил избран за негов наследник, епископ на Римската провинција Цезарија, со седиште во денешен Кајзери, Анадолија, Турција, 120 км јужно од Анкара. Воспитанието и првата наобразба на моралниот, духовен и интелектуален гигант Василиј отпочнале во неговата фамилија. Неговата мајка родила 9 деца од кои 5 постанале православни христијански светци:  Василиј Велики, Григориј, епископ Ниски, Петар, епископ Севастијски, Макрина и Теозвија. Во својата старост и Емилија изградила манастир каде живела са својом ќерка Макрина.

Во процесот на школување и пракса, кариерата на Василиј вклучува спротивставување на елинските предхристијански влијанијата. Со разумни и етички докази ја застапува духовната потреба да се верува во доблести и да се прават добродетелства. Пишува и говори за моќта на простувањето, покајанието и милозливоста, за добрината како врвен човеков морален квалификатив, за творечкиот гениј на човекот создаден од вечниот

Бог и Божјиот идентитет на земјата имперсониран во Исус Христос, за пороците како причино-последична појава на антагонистот, уништувачот на доблеста, лажниот носител на светлината, господарот на темното подземје, де(кон)структивниот Аполион. Светиот Василиј прорекува дека силата на пороците која непрекинато никнува преку злото на неверните во Богот на Вселената, ќе добие страотна доминација во иднината, кога доблестите ќе биваат брутално исмевани и бестијално уништувани.

Светецот Василиј Велики верува дека вечноста на човековата душа после земната смрт е предодредена од духовната сила и чистината на верата. Со духовна супериорност Василиј се судира со секуларниот наспротив сакралниот живот и свет, посветен на Бог кој е љубов и правда, и на правдољубивите верници. Зборува и пишува за моќта на позитивните закони во природата дадени од Бог преку светиот дух, да ја усовршуваат силна и светла вера. Неговите духовни пораки се вклучени во капиталните литургии на Православната црковна служба: пред Божиќ, Стара Нова година, Велики Четврток и Велика Сабота.

Св. Василиј не бил гневен полемичар, идеолог или пропагатор на верата, туку благороден  водач на духовното образование во црката, добротвор за сиромашните, градител на болници, старечки домови и училишта, После пет века во Македонија се родиле македонските и сесловенски просветители, светите Кирил и Методиј, Климент, Наум, Горазд, Ангеларij.  Тие ги покрстувале со духовни вредности и бугарските татаро-монголски племиња кои ја нападнале и опустошувале Македонија. До тогаш бугарските орди верувале во силите на Тангра политеизмот, а јазикот им бил Котан Сака, мешавина од азиски говори.



Марија Емилија Кукубајска